Организација ЖЕНА
Делчево

# ЗНАЈ ГИ СВОИТЕ ПРАВА

## П Р И Р А Ч Н И К

## ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ЗАШТИТА

## НА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ

# ВОВЕД

## 1. Зошто овој прирачник?

Жените во руралните средини во Република Северна Македонија секојдневно се соочуваат со бројни предизвици – економска зависност, ограничен пристап до информации, традиционални улоги, недоволна институционална поддршка и често непознавање на сопствените права. Иако законите во државата предвидуваат широка заштита и еднаквост меѓу жените и мажите, во пракса многу жени не ги користат овие права, најчесто затоа што не знаат дека постојат или не знаат како да ги остварат.

Овој прирачник е создаден за да ја пополни таа празнина. Неговата цел е да ги приближи постоечките закони до жените, на јасен, разбирлив и практичен начин, без сложен правен јазик. Тој не е правен учебник, туку алатка за секојдневна употреба.

## 2. За кого е наменет прирачникот?

Овој прирачник е наменет пред сè за:

- жени од рурални и помали заедници;
- жени лидерки во заедницата;
- активистки и членки на граѓански организации;
- жени кои работат со други жени (едукаторки, советнички, теренски работнички);
- сите жени кои сакаат да ги знаат и остварат своите права.

Прирачникот е конципиран така што може да се користи и индивидуално, но и како поддршка при обуки, работилници, групни средби и разговори во заедницата.

## 3. Зошто е важно жените да ги знаат своите права?

Правата на жените се дел од основните човекови права. Тие се загарантирани со Уставот, законите и меѓународните договори кои државата ги има ратификувано. Но, правото што не е познато, е право што тешко се остварува.

Кога жените ги знаат своите права:

- полесно препознаваат неправда и дискриминација;
- имаат поголема самодоверба да реагираат;
- знаат каде и како да побараат помош;
- можат да се заштитат самите себе, воедно да ги заштитат своите деца и семејство;
- стануваат поактивни учеснички во заедницата.

Посебно жените-лидерки имаат важна улога, тие се десиминаторки на знаење, поддршка и охрабрување за другите жени.

### 4. Како е структуриран прирачникот?

Прирачникот е поделен на поглавја, при што секое поглавје обработува еден закон кој е особено значаен за правата на жените. Секој закон е претставен на ист начин, за да биде лесен за читање и користење.

За секој закон ќе најдете:

1. кратко објаснување што е законот и зошто е важен за жените;
2. на кој начин законот ги штити правата на жените;
3. јасно дефнинирана листа на права кои им се загарантирани на жените;
4. примери од секојдневниот живот;
5. поедноставено објаснување на клучни законски одредби;
6. информации каде и како може да се побара заштита.

На овој начин, законите се „преведени“од правен јазик во јазик што е разбирлив и применлив во реалниот живот.

### 5. Кои закони се опфатени во прирачникот?

Во прирачникот се опфатени Уставот и следните закони:

- Уставот на Република Северна Македонија;
- Закон за еднакви можности на жените и мажите;
- Закон за спречување и заштита од дискриминација;
- Закон за работни односи;
- Закон за семејство;
- Закон за сопственост и други стварни права;
- Закон за социјална заштита;
- Закон за здравствена заштита;
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

Овие закони ги опфаќаат најважните области од животот на жените – семејството, работата, сопственоста, здравјето, социјалната сигурност и заштитата од насилство и дискриминација.

### 6. Како да се користи прирачникот во заедницата?

Прирачникот може да се користи:

- како личен водич за информирање;
- како материјал за групни дискусии;
- како поддршка при обуки и работилници;
- како алатка за советување и упатување на други жени.

Не е потребно прирачникот да се чита по ред.

**Секое поглавје може да се користи самостојно, во зависност од потребите.**

### 7. Порака до жените

Секоја жена има право на достоинствен живот, еднакви можности и заштита од неправда и насилство. Законот е на страната на сите граѓани вклучително и на жените, но тој има вистинска сила само кога жените го познаваат и го користат.

Овој прирачник е чекор кон поголема информираност, самодоверба и солидарност меѓу жените. Заедно, преку знаење и поддршка, можеме да придонесеме кон посилни жени и посилни заедници.

## УСТАВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. Што е Уставот и зошто е важен за жените?

Уставот на Република Северна Македонија е највисокиот правен акт во државата. Тој ги утврдува основните вредности на општеството и ги гарантира основните човекови права и слободи. Сите други закони мора да бидат во согласност со Уставот.

За жените, Уставот е исклучително важен затоа што токму во него се содржани темелите на еднаквоста, недискриминацијата и почитувањето на човечкото достоинство. Тоа значи дека жените и мажите, без разлика на нивното потекло, место на живеење или социјален статус, имаат еднакви права и еднаква заштита од државата.

### 2. Како Уставот ги штити правата на жените?

Уставот ги обврзува сите државни институции: Собранието, Владата, судовите, општините и јавните установи, да ги почитуваат и заштитуваат човековите права. Уставот забранува секаква форма на дискриминација и гарантира еднаквост пред законите.

Иако Уставот не ги набројува сите конкретни права на жените, тој создава основа врз која се градат сите закони што директно ја уредуваат положбата на жените, како што се законите за еднакви можности, работни односи, семејство, социјална и здравствена заштита.

### 3. Кои права им припаѓаат на жените според Уставот?

Според Уставот на Република Северна Македонија, жените имаат право на:

- Еднаквост пред Уставот и законите;
- Заштита од дискриминација по основ на пол;
- Почитување на човечкото достоинство и личниот интегритет;
- Слобода на изразување и здружување;
- Еднаков пристап до образование, работа и јавни функции;
- Социјална сигурност и социјална заштита;
- Здравствена заштита;
- Посебна заштита на мајчинството.

Овие права важат за сите жени, без разлика дали живеат во град или село, дали се вработени или невработени, млади или постари.

### 4. Што значат овие права во секојдневниот живот?

Уставните права не се само формални правила, туку имаат директно значење во секојдневието на жените.

На пример:

- ако жена е одбиена за работа затоа што е жена, тоа е спротивно на уставното начело на еднаквост и спротивно на одредбите од законот за заштита од дискриминација зошто се дискриминира по основ на пол;
- ако жена нема еднаков пристап до здравствени услуги, тоа е повреда на уставно загарантирано право;
- ако жена е понижувана или третирана како помалку вредна, се повредува нејзиното човечко достоинство.

Уставот е основата врз која жените можат да бараат заштита и правда.

### 5. Клучни уставни одредби – поедноставено објаснување

| *Уставна одредба* | *Што значи тоа за жените* |
| --- | --- |
| Член 8 | Еднаквоста и почитувањето на човековите права се темелни вредности |
| Член 9 | Жените и мажите се еднакви пред Уставот и законите |
| Член 11 | Се гарантира физичкиот и моралниот интегритет |
| Член 34 | Жените имаат право на социјална сигурност |
| Член 39 | Жените имаат право на здравствена заштита |
| Член 42 | Мајчинството е под посебна заштита |

### 6. Што може да направи жената ако смета дека ѝ е повредено уставно право?

Кога жена смета дека ѝ е повредено некое од уставно загарантираните права, таа може:

- да се обрати до надлежна институција (општина, центар за социјална работа, здравствена установа);
- да побара правна помош од граѓанска организација;
- да покрене постапка пред суд;
- во одредени случаи, да поднесе иницијатива до Уставниот суд.

Жените-лидерки имаат важна улога да ги информираат и упатуваат другите жени каде и како да побараат заштита.

### 7. Порака до жените-лидерки

Уставот е темелот на сите права. Кога жените го познаваат Уставот, тие ја знаат својата вредност и својата позиција во општеството. Како жена-лидерка, твојата улога е да им објасниш на другите жени дека еднаквоста не е привилегија, туку уставно загарантирано право.

## ЗАКОН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

### 1. Што е овој закон и зошто е важен за жените?

Законот за еднакви можности на жените и мажите е клучен закон кој ја уредува еднаквата положба на жените и мажите во сите области на општествениот живот. Овој закон постои за да обезбеди жените да имаат исти можности како и мажите, во образованието, вработувањето, политиката, економијата и јавниот живот.

За жените, особено за оние од рурални средини, овој закон е важен затоа што признава дека еднаквоста не се постигнува сама по себе, туку дека државата има обврска активно да работи на отстранување на нееднаквостите и пречките со кои се соочуваат жените.

### 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Со овој закон, државата се обврзува:

- да создава политики и мерки за унапредување на положбата на жените;
- да обезбеди еднаков пристап до ресурси, услуги и одлучување;
- да спречува и отстранува нееднаквост меѓу жените и мажите;
- да воведува посебни мерки кога жените се во понеповолна положба.

Законот признава дека жените често имаат помал пристап до информации, вработување, сопственост и моќ на одлучување и затоа дозволува т.н. посебни (афирмативни) мерки во корист на жените.

### 3. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Според Законот за еднакви можности на жените и мажите, жените имаат право на:

- еднакви можности со мажите во образованието;
- еднаков пристап до вработување и напредување;
- еднакво учество во донесувањето одлуки;
- учество во политичкиот и јавниот живот;
- заштита од директна и индиректна дискриминација;
- посебни мерки кога се во понеповолна положба.

Овие права важат за сите жени, без оглед на нивната возраст, образование, место на живеење или семејна состојба.

### 4. Што значат овие права во пракса?

Во секојдневниот живот, овој закон значи:

- општините треба да вклучуваат жени во советодавни тела и комисии;
- жените имаат право да учествуваат во јавни расправи и одлучување;
- државните институции треба да креираат програми насочени кон жените;
- жените од рурални средини имаат право на поддршка и еднаков пристап до информации и услуги.

На пример, ако во една општина речиси нема жени во одлучувачки тела, институциите имаат обврска да преземат мерки за подобрување на таа состојба.

### 5. Клучни одредби од законот

| *Одредба од законот* | *Што значи тоа за жените* |
|---|---|
| Еднакви можности | Жените и мажите треба да имаат исти услови и шанси |
| Посебни мерки | Дозволени се мерки само за жени кога се во понеповолна положба |
| Обврска на институциите | Државата мора активно да работи на еднаквост |
| Родова перспектива | Потребите на жените мора да се земат предвид при креирање политики |

### 6. Каде може жената да побара заштита или поддршка?

Ако жената смета дека не ѝ се обезбедени еднакви можности, таа може да се обрати:

- до општината;
- до Министерството за социјална политика, демографија и млади;
- до Комисијата за еднакви можности;
- до граѓански организации кои работат на заштита на правата на жените;
- до надлежен суд  или народниот правобранител.

### 7. Порака до жените-лидерки

Овој закон им дава можност на жените да добијат видливост, учество и влијание. Како жена-лидерка, твојата улога е да ги охрабриш жените да бидат активни, да учествуваат и да не прифаќаат исклучување како нешто нормално.

## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

### 1. Што е овој закон и зошто е важен за жените?

Законот за спречување и заштита од дискриминација обезбедува заштита од неправеден и нееднаков третман во сите области на животот. Тој е особено важен за жените затоа што јасно забранува дискриминација по основ на пол и други лични својства.

Овој закон им дава на жените правна основа да се спротивстават на неправдата и да побараат заштита кога се третирани лошо само затоа што се жени.

### 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Законот:

- забранува директна и индиректна дискриминација;
- ги обврзува институциите да постапуваат еднакво;
- обезбедува механизми за заштита и правни средства;
- ја признава дискриминацијата како сериозна повреда на човековите права.

Посебно е важно што законот ја признава и т.н. индиректна дискриминација – ситуации кога наизглед неутрални правила имаат негативно влијание врз жените.

### 3. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Според овој закон, жените имаат право на:

- заштита од дискриминација по основ на пол;
- еднаков третман во образованието, работата и јавниот живот;
- заштита од вознемирување и понижувачко постапување;
- правна заштита и надомест на штета;
- постапка пред надлежни институции без страв од последици.

### 4. Што значи дискриминација во пракса?

Дискриминација постои кога жената е ставена во понеповолна положба, на пример:

- кога не е примена на работа затоа што е жена, бремена или мајка.
- кога добива пониска плата за иста работа.
- кога ѝ е ограничен пристапот до услуги;
- кога е навредувана, понижувана или игнорирана.

Важно е да се знае дека дискриминацијата може да биде и прикриена и не секогаш лесно препознатлива.

### 5. Клучни одредби

| *Поим* | *Што значи тоа* |
|---|---|
| Директна дискриминација | Отворено различно постапување |
| Индиректна дискриминација | Правила што привидно се неутрални, но штетат |
| Вознемирување | Навредливо и понижувачко однесување |
| Институционална обврска | Обврска да се спречува дискриминација |

### 6. Каде може да се побара заштита?

Жените можат да се обратат:

- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација;
- до судовите;
- до Народниот правобранител;
- Граѓански организации кои нудат бесплатна правна  помош
- Канцеларии за Бесплатна правна помош при Министерство за правда

### 7. Порака до жените-лидерки

Препознавањето на дискриминацијата е првиот чекор кон нејзино надминување. Како жена-лидерка, твојата улога е да ги охрабриш жените да не молчат и да ги користат механизмите за заштита што им стојат на располагање.

## ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

### 1. Што е овој закон и зошто е важен за жените?

Законот за работни односи ги уредува правата и обврските на работниците и работодавачите. Тој е еден од најважните закони за жените затоа што директно влијае врз нивната економска сигурност, достоинството на работното место и можноста да го усогласат приватниот и професионалниот живот.

За жените, особено во руралните средини, овој закон е важен бидејќи обезбедува заштита од неправеден третман, отпуштање, експлоатација и дискриминација поради пол, бременост или мајчинство.

### 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Со Законот за работни односи:

- се гарантира еднаков третман на жените и мажите при вработување;
- се забранува дискриминација поради пол, бременост и мајчинство;
- се уредуваат правата за плата, работно време и одмор;
- се обезбедува посебна заштита за бремени жени и мајки;
- се утврдуваат условите за законски отказ и правна заштита.

### 3. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Според Законот за работни односи, жените имаат право на:

- еднаков пристап до вработување;
- писмен договор за работа;
- еднаква плата за иста работа;
- безбедни и здрави услови за работа;

- платен годишен одмор и боледување;
- породилно и родителско отсуство;
- заштита од отказ за време на бременост и породилно отсуство;
- заштита од вознемирување на работното место.

### 4. Што значат овие права во пракса?

Во секојдневниот живот, овие права значат:

- работодавачот мора да склучи договор со жената;
- платата мора да биде исплатена редовно и во договорен износ;
- жената не смее да биде отпуштена затоа што е бремена;
- жената има право на породилно отсуство без страв дека ќе ја изгуби работата;
- работодавачот мора да обезбеди заштита од понижување и навреди.

### 5. Клучни одредби – поедноставено објаснување

| *Право* | *Што значи тоа за жените* |
|---|---|
| Договор за работа | Работата мора да биде законска и пријавена |
| Еднаква плата | Иста плата за иста работа |
| Породилно отсуство | Платено отсуство за мајчинство |
| Забрана за отказ | Забрана за отказ поради бременост |
| Заштита од вознемирување | Забрана за навреди и притисоци |

### 6. Што да направи жената ако ѝ се повредени правата од работен однос?

Жената може:

- да се обрати до работодавачот писмено;
- да поднесе пријава до Инспекторатот за труд;
- да побара бесплатна правна помош;
- да покрене судска постапка.
- Да се обрати до Народниот правобранител
- Да се обрати до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Важно е жената да ги чува сите документи поврзани со работата (договор, плата, пораки).

### 7. Порака до жените-лидерки

Работните права се основа на економската независност. Како жена-лидерка, твојата поддршка и информирање може да им помогне на другите жени да не прифаќаат неправда како нешто нормално.

## ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВО

### 1. Што е овој закон и зошто е важен за жените?

Законот за семејство ги уредува односите во семејството: бракот, разводот, родителските права и обврски, старателството и издршката. Овој закон е особено важен за жените затоа што директно влијае врз нивната правна сигурност во семејството и заштитата на нивните интереси и интересите на децата.

За жените од рурални средини, Законот за семејство е значаен бидејќи обезбедува јасни правила и заштита во ситуации кога постојат семејни конфликти, развод, економска зависност или нееднаква распределба на обврските.

### 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Со Законот за семејство:

- се утврдува рамноправност на брачните другари;
- се гарантира еднаква одговорност за грижа за децата;
- се обезбедува право на издршка;
- се уредуваат правата при развод;
- се обезбедува заштита на интересите на детето.

Овој закон признава дека жените често ја носат најголемата грижа за децата и домаќинството и затоа обезбедува механизми за правна и економска заштита.

### 3. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Според Законот за семејство, жените имаат право на:

- рамноправност во бракот;
- еднакво учество во одлуките поврзани со семејството;
- право на развод;
- право на старателство или контакт со децата;
- право на издршка за себе и за децата;
- заштита од семејно насилство;
- правна заштита при спорови.

### 4. Што значат овие права во пракса?

Во секојдневниот живот, овие права значат:

- жената има право да одлучува подеднакво со сопругот;
- при развод, судот одлучува во најдобар интерес на детето;
- жената има право да побара издршка ако нема доволни приходи;
- таткото има обврска да учествува во издршката на децата;
- ниту една жена не смее да биде принудена да остане во штетен брак.

### 5. Клучни одредби

| *Семејно право* | *Што значи тоа за жените* |
|---|---|
| Рамноправност | Жената и мажот имаат исти права и обврски |
| Родителско право | Грижата за децата е заедничка обврска |
| Издршка | Право на финансиска поддршка |
| Развод | Право на законски и правичен развод |
| Заштита на детето | Детето е во фокусот на одлуките |

### 6. Каде може жената да побара помош?

Во случај на семејни проблеми или спор:

- Центар за социјална работа;
- Суд;
- Полиција (во случаи на насилство);
- Граѓански организации кои нудат бесплатна правна помош
- Канцеларии за Бесплатна правна помош при Министерство за правда

Важно е жената да знае дека барањето помош е право, а не срам.

### 7. Порака до жените-лидерки

Семејната рамноправност започнува со информираност. Како жена-лидерка, твојата улога е да им покажеш на другите жени дека законот ги штити и дека тие не се сами кога се соочуваат со семејни предизвици.

## ЗАКОН ЗА СОПСТВЕНОСТ И ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА

### 1. Што е овој закон и зошто е важен за жените?

Законот за сопственост и други стварни права ги уредува правата на сопственост, користење и располагање со имот – куќи, станови, земјиште и друг имот. Овој закон е исклучително важен за жените, особено за оние од рурални средини, бидејќи сопственоста често е поврзана со економска сигурност, независност и моќ на одлучување.

Во пракса, многу жени не се заведени како сопственички на имот иако учествувале во неговото стекнување или живеат и работат на тој имот со години. Овој закон јасно утврдува дека жените имаат исти имотни права како и мажите.

### 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Со овој закон:

- се гарантира еднакво право на сопственост за жените и мажите;
- се признава заедничка сопственост во брак;
- се уредува правото на користење и располагање со имот;

- се обезбедува правна заштита при спор за имот;
- се спречува незаконско одземање или користење на имот.

Законот не прави разлика по пол – секоја жена има право да биде сопственичка и да управува со својот имот.

### 3. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Според Законот за сопственост и други стварни права, жените имаат право на:

- сопственост на движен и недвижен имот;
- еднаков удел во заеднички стекнатиот имот во брак;
- користење и располагање со имотот;
- запишување како сопственички во имотен лист;
- заштита од незаконско одземање на имот;
- правна заштита во случај на имотен спор.

### 4. Што значат овие права во пракса?

Во секојдневниот живот, овие права значат:

- жената има право да биде запишана како сопственичка на куќа или земјиште;
- имотот стекнат за време на бракот е заеднички, без разлика на тоа на чие име е запишан;
- жената има право да одлучува за продажба, подарок или користење на заедничкиот имот;
- никој нема право да ја избрка жената од имот во кој има сопственички удел.

Ова е особено важно за жените кои живеат во семејни заедници или традиционални домаќинства.

### 5. Клучни одредби

| Имотно право | Што значи тоа за жените |
|---|---|
| Сопственост | Жената може да биде сопственичка |
| Заеднички имот | Имотот стекнат во брак е заеднички |
| Располагање | Одлуките се носат заеднички |
| Имотен лист | Право на запишување во катастар |
| Правна заштита | Право на судска заштита |

### 6. Што да направи жената ако ѝ се повредени имотните права?

Жената може:

- да се обрати до Катастарот на недвижности;
- да побара правна помош;

- да покрене постапка пред суд;
- да се обрати до граѓанска организација.

Важно е жените да чуваат документи за имотот и да бараат нивно запишување како сопственички.

### 7. Порака до жените-лидерки

Имотот значи сигурност и достоинство. Како жена-лидерка, твојата улога е да ги охрабриш жените да го запишуваат својот имот, да ги познаваат своите права и да не се откажуваат од она што законски им припаѓа.

## ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 1. Што е овој закон и зошто е важен за жените?

Законот за социјална заштита ја уредува поддршката што државата им ја обезбедува на лицата и семејствата кои се соочуваат со сиромаштија, невработеност, болест, попреченост или други социјални ризици. Овој закон е особено важен за жените, бидејќи тие почесто се соочуваат со економска несигурност, самохрано родителство, грижа за зависни членови и невидлива неплатена работа.

За жените од рурални средини, социјалната заштита значи пристап до основна финансиска поддршка и услуги кога нема други извори на приходи.

### 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Со Законот за социјална заштита:

- се обезбедува право на парична и материјална помош;
- се признаваат различни форми на социјален ризик;
- се обезбедува поддршка за самохрани родители;
- се обезбедуваат социјални услуги во заедницата;
- се гарантира достоинствен третман од институциите.

Законот ја препознава потребата од посебна поддршка за ранливи групи жени и дозволува индивидуален пристап според потребите.

### 3. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Според Законот за социјална заштита, жените имаат право на:

- гарантирана минимална помош;
- додатоци за деца и семејства;
- помош за самохрани родители;
- социјални услуги (советување, згрижување, дневни центри);
- поддршка при невработеност и сиромаштија;

- заштита во случаи на семејна криза.

### 4. Што значат овие права во пракса?

Во пракса, овие права значат:

- жената може да аплицира за парична помош ако нема приходи;
- самохраните мајки имаат право на дополнителна поддршка;
- жените кои се грижат за стари или болни членови можат да користат услуги;
- социјалните служби имаат обврска да постапуваат без дискриминација.

### 5. Клучни права и услуги – поедноставено објаснување

| *Вид на поддршка* | *Што значи тоа за жените* |
|---|---|
| Гарантирана минимална помош | Основни средства за живот |
| Додатоци за деца | Финансиска поддршка за семејството |
| Социјални услуги | Помош и грижа во заедницата |
| Самохрани родители | Посебна заштита и поддршка |
| Советување | Психосоцијална поддршка |

### 6. Каде и како може да се побара социјална заштита?

Жената може да се обрати:

- до Центарот за социјална работа;
- до општинските служби;
- до граѓански организации кои нудат Бесплатна правна помош.

Постапката е бесплатна, а институциите се должни да дадат информации и поддршка.

### 7. Порака до жените-лидерки

Социјалната заштита не е милост, туку право. Како жена-лидерка, твојата улога е да ги информираш жените дека имаат право на поддршка и дека државата има обврска да стои зад нив кога се во ризик.

## ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

### 1. Што е овој закон и зошто е важен за жените?

Законот за здравствена заштита го уредува правото на здравствени услуги, превенција, лекување и рехабилитација. Овој закон е од особено значење за жените затоа што здравјето е основа за достоинствен живот, активност во заедницата и грижа за семејството.

За жените од рурални средини, овој закон е важен бидејќи обезбедува право на здравствена заштита без разлика на местото на живеење, приходите или работниот статус. Законот предвидува еднаков пристап до здравствени услуги за сите жени.

## 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Со Законот за здравствена заштита:

- се гарантира право на здравствена заштита за секоја жена;
- се обезбедува пристап до примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита;
- се предвидува посебна заштита за мајки, бремени жени и деца;
- се уредува превентивната здравствена заштита;
- се забранува дискриминација при користење здравствени услуги.

Законот обврзува здравствените установи да обезбедат навремен, квалитетен и достоинствен третман.

## 3. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Според Законот за здравствена заштита, жените имаат право на:

- здравствена заштита и медицинска помош;
- избор на матичен лекар и гинеколог;
- бесплатни превентивни прегледи;
- здравствена заштита за време на бременост и породување;
- информации за сопственото здравје;
- почитување на приватноста и достоинството;
- итна медицинска помош.

## 4. Што значат овие права во секојдневниот живот?

Во пракса, овие права значат:

- жената има право на редовни гинеколошки прегледи;
- бремените жени имаат право на следење на бременоста;
- жената има право да добие јасни информации за дијагноза и терапија;
- здравствените работници мора да постапуваат со почит;
- никој нема право да ја одбие жената поради нејзиниот социјален статус.

## 5. Клучни права – поедноставено објаснување

| *Здравствено право* | *Што значи тоа за жените* |
|---|---|
| Пристап до здравство | Право на лекар и лекување |
| Превенција | Редовни и бесплатни прегледи |
| Мајчинска заштита | Посебна грижа за мајките |
| Информираност | Право да знае за своето здравје |
| Достоинство | Почит и приватност |

### 6. Што да направи жената ако ѝ е повредено правото на здравствена заштита?

Жената може:

- да поднесе приговор до здравствената установа;
- да се обрати до Фондот за здравствено осигурување;
- да побара помош од народниот правобранител;
- да побара поддршка од граѓанска организација.

Секоја жена има право на навремена и квалитетна здравствена заштита.

### 7. Порака до жените-лидерки

Здравјето е право, а не привилегија. Како жена-лидерка, твојата улога е да ги информираш жените дека имаат право на здравствена заштита и да ги охрабриш да бараат услуги без страв и двоумење.

## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### 1. Што е овој закон и зошто е особено важен за жените?

Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство е еден од најважните закони за заштита на животот, здравјето и достоинството на жените. Овој закон признава дека насилството врз жените не е приватна работа, туку сериозен општествен проблем и повреда на човековите права.

За жените од рурални средини, овој закон е од клучно значење затоа што тие често живеат во затворени заедници, зависат економски од семејството и имаат потежок пристап до информации и институции. Законот обезбедува заштита без разлика каде живее жената.

### 2. Како овој закон ги штити правата на жените?

Со овој закон:

- се признаваат различни форми на насилство врз жени;
- се воведуваат итни и привремени мерки за заштита;
- се обврзуваат институциите да реагираат навремено;
- се обезбедува координирана заштита (полиција, социјална работа, здравство);
- се става фокус на безбедноста и добросостојбата на жртвата.

Законот јасно утврдува дека одговорноста за насилството секогаш е кај сторителот, а не кај жената.

### 3. Што се смета за насилство врз жени?

Според законот, насилство врз жени може да биде:

- физичко насилство (удирање, туркање, повреди);
- психичко насилство (навреди, закани, понижување, контрола);

- економско насилство (забрана за работа, одземање пари, контрола на имот);
- сексуално насилство;
- закани и следење;
- принуден брак или ограничување на слободата.

Насилството може да се случува во брак, во вонбрачна заедница, во семејството или од сегашен или поранешен партнер.

### 4. Кои права ги имаат жените според овој закон?

Жените кои се жртви на насилство имаат право на:

- заштита на животот и безбедноста;
- итна помош од полиција;
- привремени мерки за заштита;
- сместување во безбедно засолниште;
- психосоцијална и здравствена поддршка;
- бесплатна правна помош;
- информации и поддршка без осуда.

### 5. Што значат овие права во пракса?

Во пракса, овие права значат:

- жената може веднаш да повика полиција;
- сторителот може да биде отстранет од домот;
- може да се изрече забрана за приближување;
- жената има право на засолниште и поддршка;
- институциите мора да постапуваат итно и координирано.

Ниту една жена не е должна да трпи насилство.

### 6. Каде и како да се побара помош?

Жената може да се обрати:

- до полиција (192);
- до Центар за социјална работа;
- до здравствена установа;
- до суд;
- до граѓанска организација;
- до национална СОС линија.

Барањето помош е право и може да се направи и анонимно.

## 7. Улогата на жените-лидерки во заедницата

Жените-лидерки имаат клучна улога во:

- препознавање на насилството;
- охрабрување на жените да побараат помош;
- пренесување точни информации;
- рушење на стигмата и молкот;
- градење солидарност во заедницата.

## 8. Завршна порака

Насилството никогаш не е оправдано. Законот е на страната на жените. Секоја жена има право на живот без страв, болка и понижување. Со знаење, поддршка и солидарност, можеме да изградиме заедници во кои жените се безбедни, почитувани и слободни.

## ОДГОВОРНОСТИ НА ИНСТИТУЦИИ

***Државни институции***

**Министерство за труд и социјална политика**
– Социјална заштита
– Родова еднаквост
– Заштита од семејно насилство

**Министерство за внатрешни работи (МВР)**
– Пријавување насилство
– Итна заштита

**Основни судови**
– Заштита од дискриминација
– Семејни спорови
- Имотни и кривични спорови

**Јавно обвинителство**
– Кривични пријави
– Гонење на сторители

**Независни тела**
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
– Прием на претставки
– Мислења и препораки

**Народен правобранител (Омбудсман)**
– Повреда на права од институции

**Поддршка и помош**

- Центри за социјална работа

– Психосоцијална поддршка
– Помош за жртви на насилство

**Граѓански организации**

– Бесплатна правна помош
– Психолошко советување
– Поддршка за жени и ранливи групи

*Овој прирачник е подготвен со финансиска поддршка од The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска. Содржината е единствена одговорност на Организација ЖЕНА Делчево и во никој случај не ги одразува ставовите на The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.*

Подготвено од:

Поддржано од: